**20111703742**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/2010 и 53/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.11. 2011 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2011, бр.42/2011, 52/2011, 77/2011, 92/11, 125/11 и 141/11 ) во член 2 став 2 во точка 1) алинеја 1 по зборовите „шеќерна репка“ се додаваат зборовите „за засеана или одржувана површина со“.

Во точката 8) алинеја 4 зборовите „70% или 17.500,00 денари/ха“ се заменуваат со зборовите „25.000,00 денари/ха“ а зборовите „100% или 25.000,00 денари/ха“ се заменуваат со зборовите „35.000,00 денари/ха, при што продолжува да се применува истото процентуално намалување со зголемувањето на пријавените површини како и за другите овошни видови“.

Во точката 9) алинеја 5 се брише.

Во точката 10) алинеја 5 во заградата по зборот „растенија“ се додаваат зборовите „или обезбеден од увоз)“.

Во точката 16) алинеја 1 зборот „ продале“ се заменува со зборот „заклале“.

Во точката 18) алинеја 1 зборот „јануари“ се заменува со зборовите „октомври 2010“.

Во точката 21) алинеја 1 зборот „јануари“ се заменува со зборовите „октомври 2010“ и зборовите „регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток“ се заменуваат со зборовите „признати организации на одгледувачи на добиток“.

Во точката 24) алинеја 1 зборот „јануари“ се заменува со зборовите „октомври 2010“.

Во точката 26) алинеја 2 зборот „продале“ се заменува со зборот „заклале“.

Во точката 39) во називот по зборот „овчарство“ буквата „и“ се заменува со запирка а по зборот „козарство“ се додаваат зборовите „и пчеларство“.

Во точката 42) алинеја 1, по зборовите „50/2010“ се додаваат зборовите „и 53/2011“), по зборовите „8 ден/кг за следниве сорти:“ се бришат зборовите „Аликан буше,“ и се додаваат по зборовите „10 ден/кг за следниве сорти:“, а по зборот „Жупљанка,“ се брише зборот „Кадарка“ и се додава по зборовите „Жупски Бојадисер,“.

Во алинеја 2 зборовите „Аликан буше“ и „Кадарка“ се бришат.

Во алинеја 3 по зборовите „следниве сорти:“ се додаваат зборовите „Аликан буше,“, а по зборовите „Жупски Бојадисер,“ се додава зборот „Кадарка“.

Во алинеја 4 зборовите „Аликан буше“ и „Кадарка“се бришат.

Во алинеја 5 по зборовите „следниве сорти:“ се додаваат зборовите „Аликан буше,“, а по зборовите „Жупски Бојадисер,“ се додава зборот „Кадарка“.

Член 2

Во член 3 став 3 зборовите „официјален ветеринар“ се заменуваат со зборовите „регистрирано ветеринарно друштво“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7023/1
26 ноември 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.